СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-1723/2
07.03.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работа на Првата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана на 07.03.2022 година

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам Првата Вонредна на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат сите 19 советници, отсутни нема .

1 отсутен, се извинувам. Даниела Ивановска. 18.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува.

Записникот од 7-та седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година, ќе ви биде доставен со материјалот на наредната редовна 8-ма Седница.

Согласно член 40 став 4 од Законот за Локална самоуправа пред започнување на седницата задолжително се гласа за оправданоста и причините за свикување на вонредна седница.

Врз основа на тоа Ве повикувам да гласаме за оправданоста за причините за свикување на оваа Прва Вонредна седница.

За. Едногласно. 18 за.

Констатирам дека е усвоена причината за свикување на оваа Прва Вонредна седница.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог на Дневен ред за работа на седницата закажана за денес и тоа:

1. Барање од Здружение на Украинците во Република Северна Македонија "Лесја Украинка ";

Согласно член 40 став 3 Законот за Локална самоуправа за вонредна седница не може да се менува дневниот ред, затоа предлагам да преминеме на вака предложениот дневен ред.

За. Едногласно . 18 за.

Преминуваме на разгледување на единствената точка од предложениот дневен ред.

Отварам расправа. Дали некој бара збор.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани граѓани на Општина Кавадарци, медиуми,колеги, на почетокот на дискусијата во однос на оваа точка сакам да изразам осуда на воените дејствија кои што Руската Федерација ги превзема над Украина, кои што водат до една ненадоместлива загуба на човечки животи и материјална штета. Инвазијата врз Украина од страна на Русија е напад на територијалниот интегритет и суверенитет на една суверена држава и претставува сериозна повреда на основните принципи на меѓународното право, удар на демократскиот поредок и закана за стабилноста на Балканот и на цела Европа. Во овие тешки моменти како претставници на Советот на Општина Кавадарци целосно се солидаризираме со украинскиот народ. Ние Кавадарчани во минатото сме покажале дека знаеме да бидеме хумани и солидарни, тоа сме го покажале во голем број наврати. Се сеќавам за поплавите кои се случија кај нашиот северен сосед Србија, исто така имаше материјална хуманитарна акција и хуманитарна помош од страна на Кавадарчани. Ние како Општина и како Совет се надевам активно ќе се вклучиме во помагање на прибирање на било каков облик, прибирање и донирање на било каков облик на хуманитарна помош, дали тоа ќе биде преку поставување на одредени пунктови на одредени места во Општина Кавадарци, дали тоа ќе биде преку донација од страна на буџетот на Општина Кавадарци, тука сме да одлучиме, меѓутоа ние како советнича група би подржале било каков облик на хуманитарна помош. На крај на оваа дискусија се надевам дека овој конфликт и ова крвопролевање брзо ќе запре и дека ќе се премине на едно мирно решавање на состојбата по дипломатски пат, бидејќи војната не носи никому ништо добро, носи само црнила, тага и плач.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани и почитуван гостин од Украинското Здружение во Република Северна Македонија. На барање на Здружението на Украинци во нашата Република "Лесја Украинка ", како што и постапивме, го дадовме тоа на разгледување за Вонредна седница врз основа на нивното барање. Јас како Градоначалник, а и носител на функција во делот на општествена одговорност сакам да денеска ова седница ја носочиме во една насока каде што Општина Кавадарци како град и хуман народ, меѓутоа и хумана Општина со хумани компании би се насочиле во давање на донација во делот за потребите за украинскиот народ, без разлика од која вероисповед е и од кои други ситуации доаѓа затекнат во самата Република Украина. По разговорот со Здружението, а тука ќе може после да ни објасне и претставникот имаме добиено список на најнеопходни потребни работи во делот на украинското население, кои што се неопходни за делот на нивното функционирање во нормален живот . Тешко дека

таму може да има нормален живот сега, ама барем за она преживување во делот на секојдневието. Мојот предлог како предлог за дискусија би бил во две насоки. Едната насока како советници и како Општина да определиме буџет, општински за хуманитарни цели, за купување на материјали, односно за купување на продукти по тој список кој што го имаме за неопходни продукти за украинското население. Второ како Заклучок би сакал да донесиме, да формираме тело од 3-4 советници кои што од утре денот, а тоа е вторник заедно со Регионалната Стопанска Комора која што ја имаме со седиште во Кавадарци, би направиле еден заеднички состанок со целокупниот бизнис сектор од Кавадарци да одвојат средства, со што би купиле наменски намирници во делот на потребите на украинското население. Знаеме дека и на нашето поднебије, односно на наша територија во Општина Кавадарци имаме две фабрики за производство на вода, исто така да се обратиме до кај нив да видиме по какви количини може да донираат и тие во делот на водата како една ставка неопходна во делот на населението .Значи станува збор за ограничен број на продукти кои што би сакал да се насочиме, да можиме од Општина Кавадарци како Општина, значи сите компании коишто би ги донирале средствата би ги донирале во име на Општината, а Општина Кавадарци како хуман град и град заедно со вас советниците и со сите 40 000 жители би испратил еда пратка од Кавадарци до Украина, нормално во соработка со Украинското Здружение до каде тие камиони би можеле да стигнат безбедно и нормално украинскиот народ да тоа го прими и после тоа понатаки си го распоредат во нивните интерни потреби во самата држава. Значи насоката би била во тие два правци за да Општината покаже дел хуман и финансиски, меѓутоа и покаже голема соработка и транспарентност со самите компании кои што ги имаме во Општина Кавадарци. Очекувањата не се да ние направиме отука, не знам некаков бум или спасиме 40 000 000 население, него да покажиме еден добар хуман чин каде што ете и другите општини во нашата држава, меѓутоа и пошироко би се вклучиле во ист правец или во контекст на она што ние би го направиле како хуман гест за украинското население.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Претставникот на самото Здружение дали може да ни се обрате, едно мало објаснување за неговото Здружение.

ПРЕТСТАВНИК НА УКРАИНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЛЕСЈА УКРАИНКА: Прво и прво сакам на сите вас да ви се заблагодарам затоа што дојдовте на овој вонреден состанок, сум повикан за да разгледаме ситуација како да помогниме на народот на Украина , кој што сите знаете моментално се наоѓа во состојба на криза, воена криза. Мене лично многу ми значи дека Општина Кавадарци во чело на Градоначалник го прими нашиот повик и

се надевам дека ние ќе постигниме доста работи. Како што сите знаете војна трае и за жал многу, веќе многу има жртви, многу стотинки, илјадници луѓе мора да избегат од Украина, да барат азил во други држави, ама тие што немаат таква можност или едноставно заробени по големи градеви уште остануваат таму и уште и ситуација секој ден станува се потешка и потешка. Јас лично имам брат кој што живее со неговата фамилија во град Харков и сигурно сте слушнале за овој град на сите вести се појавува, имам мајка во град Луганск и имаме други другари и сите кажуват истото дека ситуацијата станува се потешка и потешка, значи пошто целта на овој состанок и воопшто на нашиот повик е да помогниме на народ хуманитарно, прво и прво со, да собериме што може повеќе, се разбира како што беше нагласено тука во можности, на целиот бизнис сектор, да помогнеме со најелементарни да речам работи, станува збор за храна, за вода, за топли алишта, за медикаменти итн., итн. листа може да се продолжува . Веќе работам по собирање на хуманитарна помош во Македонија трае, мислам дека веќе е започната и неколку камиони беа веќе испратени во Украина. Нашето Здружение секој ден работе на тоа и се надевам нормално, пошто јас сум во град Кавадарци, живеам повеќе од 8 години, знам дека луѓе се тука хумани, па се надевам дека ќе можиме и од нас нешто да придонесиме во таа насока. Сите средсатва што ќе бидат соберени, ќе бидат доставени во Скопје и од таму ќе бидат превезени со камиони во најблискиот град со граница на Румунија, кој што се вика Черници.Значи сета логистика е веќе поставена,,нема проблем со тоа, само се надевам дека ќе ни успее да собериме помош за нашиот народ. Уште еднаш ви се заблагодарувам. Ако има некој може некои прашања повелете тука сум.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Дали ние од тоа што би го обезбедиле како намирници и како роба во делот на потребите треба да го транспортираме до Скопје или би можеле ако обезбедиме поголема количина на вода, масло, брашно да организираме да оде директен превоз.

ПРЕТСТАВНИК НА УКРАИНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЛЕСЈА УКРАИНКА: Значи во зависност од тоа колку ќе собериме нормално станува, ако станува збор за неколку палети или нешто , нашето Здружение има опции да дојде тука камионот да собере .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ако собериме 2,3 шлепера да речиме палетизирана роба дали може да ја пратиме директно така.

ПРЕТСТАВНИК НА УКРАИНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЛЕСЈА УКРАИНКА: Директно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет,колеги, медиуми, почитувани граѓани. Жално е што во 21-ви век сега разговараме за една ваква помош, помош која што треба да се дава за воени дејствија. Сметам дека тоа треба да прекине, затоа што најмногу страдат невино население, најмногу страдат цивилите и најмногу патат. Би сакал тука да предложам и една друга мерка освен собирање намирници и одење по фирми, да се отворат и телефонски линии каде што ќе можат граѓаните на Општина Кавадарци и пошироко да донираат средства преку телефон и тие средства да бидат наменети за купување на намирници кои што се потребни на лицата кои што го изгубиле својот дом во оваа непромислена војна и од оваа говорница би сакал да ја пренесам пораката на нашиот голем великан Гоце Делчев, каде што вика"Јас го разбирам светот како културно поле за натпревар на народите, затоа сметам дека треба сето ова да премине помеѓу културен натпревар, а не со воени дејствија".

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе,Градоначалник, колеги советници и останати. Ова е добронамерно. Јас сум бил во Украина двапати, имаме збратимен град близок во соработка со Кавадарци, два пати сум бил во Исмаил, тоа е на Дунав, преку Молдавија и многу блиску е до граница и идејата моја е директно како близок наш град, како што беше пред 2 години со Макарска, од овде директно се испорача вода и намирници, кога беше земјотресот . Сега исто така таков гест да направиме према тој град збратимен, а ова другото што ќе го дадиме за цела држава да биде башка и тоа е добро пошто сме ние блиски до границата некои 20-30 км до Молдавија, може и една делегација од кај нас од Општина до границата со Молдавија директно да го предаде на збратимениот град, значи до Молдавска граница доаѓа Молдавија Исмаили на Дунав, преку Романија, Исмаил на Дунав е, преку Романија, преку Молдавија, Молдавија мал дел само се газе и на границата со Молдавија, кога сме оделе таму они не чекат на граница, значи може директно со нив, директно да им го дадеме, една делегација од Градоначалник, Претседател на Совет или советник, со кола и да предаде ако има шлепер, два било каква роба . Тоа било добар гест и другата помош што ја даваме за оваа рута што дечкото ја

кажа таа да биде башка. Значи да покажиме поголемо внимание према збратимените градови кај што имаме соработка. Тоа е мојот предлог. Инаку давам подршка.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Пауза 5 минути. (Пауза) Почитувани советници по извршената заедничка координација со Градоначалникот и службите на Општина Кавадарци, заедно со сите присутни 18 советници се донесени следните Заклучоци. Тоа е трансфер на средства од Општина Кавадарци до Здружението "Лесја Украинка " за во вредност од 600 000 денари за намирници што се од нивен оптек за хитна потреба за украинскиот народ, потоа формирање на Комисија од кординаторите на советничките групи на СДСМ И ВМРО заедно со независните Ристе Сакаиев, значи Комисијата е составена од Градоначалникот, Претседателот на Совет, двајцата кординатори и двајцата од независни, тоа е Ристе и г-динот Јован Златевски. Добро и третиот Заклучок е по потрошените, мислам по купените намирници од едно барање до самото Здружение за изготвување на еден извештај до Советот на Општина Кавадарци за купените средства и намирници за украинскиот народ и повик до граѓанството да се вклуче во оваа акција за која ќе има поставено штанд на плоштадот на Општина Кавадарци , секој во негов домен во однос на храна, топла облека, бидејќи Општина Кавадарци и Кавадарчани се познати како добри хуманисти. Еден повик од Советеот на Општина Кавадарци и од Градоначалникот кој е во можност да испадниме во сусрет на народот украински. Овој Заклучок го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоен. Се извинувам. Значи 17 за . Воздржани. Еден воздржан. Нема против. Со тоа е усвоен Заклучокот од барањето на Здружението на Украинците во Република Северна Македонија и со тоа е исцрпен денешниот Дневен ред на нашата седница. Воедно сакам на сите припадничи од понежниот пол и на советничките да му го честитам 8- ми Март, утрешниот ден и секое добро.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов с.р.